Република Северна Македонија
**Министерство за здравство**
ДРЖАВЕН САНИТАРЕН И ЗДРАВСТВЕН ИНСПЕКТОРАТ
Сектор за инспекциски надзор

Бр. 04-816/5

10.05. 2023 год.

Скопје

Записник за спроведен практичен дел на испитот за стекнување со лиценца за инспектор д-р Емилија Младеновска

Согласно чл.43 од Законот за инспекциски надзор ( „Службен весник на РСМ„ бр.102/19) и Правилникот за начинот на спроведување на испит за стекнување со лиценца за инспектор ( „Сл.весник на РСМ„ бр. 238/19....167/2021) на ден 10.05.2023 год. со почеток од 10.00 часот во службените простории на ДСЗИ ПО Куманово/Кр. Паланка, пред Комисија формирана од Директорот на Државниот санитарен и здравствен инспекторат со архивски бр.04-873/1 од 25.04.2023 год. се спроведе практичен дел од испитот за стекнување на лиценца за инспектор.

Комисијата е во состав:
1. Ментор на кандидатот - д-р Ленче Максимовска ;
2. д-р Весна Николовска Димитровска – главен инспектор;
3. д-р Лилјана Коцева – главен инспектор;
4. Влатко Серафимов – претставник од Инспекциски совет.

Кандидатот за полагање на практичен дел од испитот за стекнување со лиценца е д-р Емилија Младеновска, кандидат за советник инспектор во ДСЗИ ПО Куманово кој избра симулација на редовен инспекциски надзор во здравствена установа, согласно Закон за санитарна и здравствена инспекција, Законот за заштита на населението од заразни болести, Закон за здравствена заштита, Закон за евиденции во областа на здравството, Закон за медицински отпад, Закон за заштита од пушење.


Државен санитарен и здравствен инспекторат
Министерство за здравство
ул.„50 та Дивизија„ „бр 14 Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 33121146
www.dszi.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

ДРЖАВЕН САНИТАРЕН И ЗДРАВСТВЕН ИНСПЕКТОРАТ

Сектор за инспекциски надзор

Испитот се спроведе согласно чл.8 од Правилникот за начинот на спроведување на испитот за стекнување на лиценца за инспектор ( „Сл.весник на РСМ„ бр. 238/19....167/2021) при што кандидатот за инспектор д-р Емилија Младеновска изврши симулиран инспекциски надзор со планирање и подготовка, спроведување на инспекцискиот надзор, со изготвување на акти, затворање и документирање на инспекцискиот надзор .

По презентирањето на симулираниот инспекциски надзор од страна на кандидатот д-р Емилија Младеновска, Комисијата ги утврди освоените бодови и тоа:

- Планирање и подготовка на инспекцискиот надзор 15 бода;
- спроведување на инспекцискиот надзор 30 бода;
- затворање на инспекцискиот надзор 30 бода и
- документирање на инспекцискиот надзор 15 бода

Комисијата констатира дека кандидатот за инспектор д-р Емилија Младеновска освои вкупно 90 бода со што го положи практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор.

Полагањето на практичниот дел од испитот се реализираше во време:

Почеток во 10 часот на ден 10.05.2023 год

Завршување во 12.30 на ден 10.05.2023год.

Комисија за полагање практичен дел од испит:

1. д-р Ленче Максимовска ______
2. д-р Весна Николовска Димитровска ______
3. д-р Лилјана Коцева ______
4. Влатко Серафимов ______



Државен санитарен и здравствен инспекторат
Министерство за здравство
ул.„50 та Дивизија„ „бр 14 Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 33121146
www.dszi.gov.mk